Mare Tarcugovska

**From:** contact <contact@avmu.mk>
**Sent:** Thursday, May 8, 2025 5:09 PM
**To:** zaposta@avmu.mk
**Subject:** [Fwd: ]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 09.05.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 10 | | |

Почитувани,

На ден 07.05.2025 година, на 08.05.2025 година во Вашиот ТВ дневник и на 08.05.2025 на Вашата web објавивте прилог врз основа на изјава на Невена Спасеска со податоци што се дел од судската постапка за доверување на малолетно дете на чување, воспитување и делумно издржување, како и податоци од постапката пред Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на град Скопје во однос на постапка за извршување на решение за видување на малолетно дете со родител, без да побарате мислење од спротивната страна, со што сторивте повреда на начелото audiatur et altera pars-да се слушне и спротивната страна.

Со Вашиот прилог го повредивте:

-Уставот на РСМ, член 15 согласно кој на граѓанинот му се гарантира одговор во средствата за јавно информирање и членот 25 со кој на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот;

-Членот 224 вв членот 222 од Законот за семејството согласно кои јавноста е исклучена во брачните и семејните спорови;

-Одредбите од Законот законот за социјална заштита во кои се пропишани: начелото на приватност, начелото на почитување на интегритетот и правата на корисникот и начелото на доверливост.

Со повреда на наведените одредби грубо извртувајќи ги фактите подржувате поткопување на принципот на владеење на правото дефиниран во Уставот на РСМ.

Секоја наредна објава на наведениот прилог ќе биде повторување на наведените повреди, со што се создаваат услови за водење судски постапки против Вас.

Од овие причини Ви предлагаме да побарате одговор и од другата страна спомената во Вашиот прилог-лицето С.С., поранешен сопруг на Невена, со што би ги задоволиле основните новинарски правила и стандарди согласно законот за медиуми.

Адвокат Мери Младеновска-Ѓорѓиевска

Адвокат Мери Младеновска-Ѓорѓиевска
Бул. Партизански одреди бр.18/2-2
1000 Скопје, Македонија
Тел. ++389 2 3 215 222
Моб ++389 70 346 300

Attorney at law Meri Mladenovska-Gjorgjievska
Bul.Partizanski odredi 18/2-2
1000 Skopje, Macedonia
Tel ++389 2 3 215 222
Mob ++389 70 346 300

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject:
From: Meri Mladenovska <mmladenovska@gmail.com>
Date: Thu, 8 May 2025 17:08:52 +0200
To: telma@telma.com.mk, desk@telma.com.mk, contact@avmu.mk, zoran.trajcevski@avmu.mk